**Почитувани граѓани,**

Согласно Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со кој се овозможува продажба на државното земјоделско земјиште, Ве информираме дека од 31.05.2014 година е ставена на јавен увид Предлог годишната програма за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост за 2014 година, која ја имате во прилог.

Јавниот увид на Програмата трае 90 (деведесет) дена од денот на нејзиното објавување и истата е покрај на веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е објавена и на огласните табли на општините и подрачните единици на МЗШВ како и во местните заедници во руралните средини во кои се наоѓа земјоделското земјиште во државна сопственост кое е предмет на продажба. Вкупната површина на земјоделското земјиште во државна сопственост предмет на Годишната програма за продавање на земјоделско земјиште во државна сопственост изнесува 164ха 42ар 23м2, и сите парцели можете да ги најдете во оваа програма.

Дополнително, сите заинтересирани лица за купување на земјоделско земјиште во државна сопственост, можат да дадат предлози, приговори и иницијативи на предлог-програмата, најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на јавниот увид, кои Министерството ги разгледува во рок од десет дена од денот на приемот.

Обрасците за предлог, приговор и иницијатива по Предлог годишната програма за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост за 2014 година, можете да ги најдете во прилог во електронска верзија или да ги подигнете во секоја подрачна едница на МЗШВ.

Пополнетите обрасци за предлог, приговор и иницијатива по Предлог годишната програма за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост за 2014 година, се доставуваат во затворен плик, во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или по пошта до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на адреса ул:Аминта Трети бр: 2, 1000 Скопје, со назнака "**за Предлог годишна програма за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост за 2014 година**",

За дополнителни информации, можете да се обратите во Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон 02 313 44 77 или да ја посетите веб страницата на министерството www.mzsv.gov.mk.

**Со почит,**

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**